## План за спроведување
## на проценка на влијанието на регулативата

| | |
|---|---|
| **Наслов на предлог законот:** | Предлог на закон за изменување на Законот за внатрешни работ |
| **Министерство:** | Министерство за внатрешни работи |
| **Лице за контакт/одговорно лице:** | Весна Доревска, помошник на министерот во Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси |
| **Очекуван датум за усвојување на предлог законот:** | |
| **Поврзаност со ЕУ директиви** | Не |

| |
|---|
| **Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**<br>**(Забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот елетронски регистар на прописи)** |

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. **Кои се главните проблеми?** Со Законот за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 92/09, 35/10 и 36/11), нормативно правно се уредуваат организацијата и надлежноста на Министерството за внатрешни работи, внатрешните работи, категориите, статусот и посебните должности и овластувања на работниците во Министерството, контролата на вршењето на работите на Министерството, правата и обврските од работен однос на работниците во Министерството, должностите на работниците во Министерството, материјалната одговорност, односно надоместокот на штета и дисциплинската одговорност на работниците во Министерството.

Дисциплинската одговорност на вработените во Министерството за внатрешни работи е регулирана со посебна глава во предметниот закон. Согласно членот 150 став (1) од наведениот закон предвидено е дека против решението за изрекување на дисциплинска мерка, работникот има право на

приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението. Со истиот став на овој член предвиден е и субјектот до кој се поднесува приговорот против решението за изрекување на дисциплинска мерка, односно утврдено е дека приговорот се поднесува преку Министерството до надлежната комисија во Владата на Република Македонија.

Со Законот за изменување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 51/11) се воведоа измени во поглед на начинот на решавање на управните постапки во втор степен за одделни управни области.

Со членот 2 од наведените изменувања се предвиде дека започнатите постапки и постапките кои ќе се поведат пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат согласно со законите кои важеле до денот на започнувањето на примената на наведените изменувања на Законот за Владата на Република Македонија (01.09.2011 година).

Законите со кои е утврдено правото на жалба пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи ќе се усогласат со одредбите на овој закон до денот на започнувањето со примената на овој закон, согласно членот 3 од наведените изменувања на Законот за Владата на Република Македонија.

Заради заокружување на процесот на реформа на начинот на одлучување во управни постапки во втор степен за одделни области, се донесе и Закон за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија" број 51/11). Со овој закон е востановена Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, како државен орган со својство на правно лице кој е самостоен во својата работа. Државната комисија има надлежност да решава по жалби против решенијата донесени во управна постапка во прв степен од страна на

министерствота, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи. Исто така, овој државен орган е надлежен да одлучува и за прашања од областа на работните односи во втор степен (кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација), за прашања од областа на работните односи за државните службеници од Агенцијата за администрација.

И со одредбите предвидени во наведениот закон утврдена е обврска за усогласување на законите во кои е утврдено право на жалба пред комисиите на Владата на Република Македонија со одредбите на законот со кој се воспоставува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Заради усогласување на одредбите на Законот за внатрешните работи со одредбите од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10 и 51/11) и Закон за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ број 51/11) се пристапува кон изменување на материјалниот закон, при што надлежната комисија во Владата на Република Македонија се заменува со Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Предлогот на закон за изменување на Законот за внатрешни работи содржи решенија и содржинско допрецизирање на содржината на овој закон со Законот за Владата на Република Македонија и Закон за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од

работен однос во втор степен согласност со Законот за општата управна постапка.

**3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

Министерство за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и администрација и други надлежни министерства и органи.

**<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>**

**1. Кои информации и податоци се веќе достапни?**

Достапни и анализирани се решенијата содржани во Законот за Владата на Република Македонија и Закон за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

Во оваа фаза не се потребни дополнителни информации и податоци.

**3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата – принцип на пропорционална анализа)?**

Иницијална проценка на влијанието на регулативата

**4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

Проценката на влијание на регулативата ќе биде извршена од страна Министерството за внатрешни работи и Министерството за информатичко општество и администрација.